До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси во ситуација кога се извршува функцијата претседател на ОИК, а негово блиско лице е заменик секретар на ОИК.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издаде следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија извести дека во конкретната ситуација заменик секретарот на ОИК е блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и истото е именувано од страна на претседателот на ОИК за заменик секретар на ОИК, по што Државната комисија заклучи дека настанува состојба на судир на интереси која може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања и службени должности.

Согласно начелото на законитост никој не смее да ја користи функцијата и јавните овластувања за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно морта да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.

Имено, поради објективност и принципиелност во постапувањето и вршењето на задачите кои ќе бидат предмет на извршување како претседател на ОИК, Државната комисија препорача да се изврши избор на друго лице за заменик секретар на ОИК во најкус можен рок.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**